УНИБанка АД Скопје
Бр. 0202/2-41/2026
17.03.2026 год.
Скопје

Врз основа на член 71 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката на ден 17.03.2026 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за дополнување на Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

I. Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје се дополнува во делот за правни лица, со следното:
Во тарифниот број 2.1. Отворање на платежна сметка, тарифната ставка 2.1.5.се дополнува и гласи:„ Анализа на документи за воспоставување на деловен однос и ажурирање на документи на непрофитни организации за кои постои висок ризик од ППиФТ согласно законска регулатива и/или Националната проценка на ризик (НРА), со исклучок на непрофитни организиации".

| | | |
|---|---|---|
| 2.1.5. | Анализа на документи за воспоставување на деловен однос и ажурирање на документи на непрофитни организации за кои постои висок ризик од ППиФТ согласно законска регулатива и/или Националната проценка на ризик (НРА), со исклучок на непрофитни организации. | 3.000 мкд |

Во тарифниот број 2.1. Отворање на платежна сметка, се додава нова тарифна ставка 2.1.6.која гласи:„Анализа на документи за воспоставување на деловен однос и ажурирање на документи на непрофитни оргнизации за кои постои висок ризик од ППиФТ согласно законска регулатива и/или Националната проценка на ризик (НРА)", со износ од 5.000 мкд.

| | | |
|---|---|---|
| 2.1.6. | Анализа на документи за воспоставување на деловен однос и ажурирање на документи на непрофитни организации за кои постои висок ризик од ППиФТ согласно законска регулатива и/или Националната проценка на ризик (НРА). | 5.000 мкд |

Образложение: Заради анализа на документи за воспоставување на деловен однос и ажурирање на документи на непрофитни организации потребно е да се обезбедат дополнителни податоци за дејноста, активностите и вистинските сопственици на клиентот како и за начинот на финансирање (донации/ спонзорства трансферирани од земји со висок ризик или земји во кои има конфликти или војни), трошење на средствата, позначајни проекти во коишто е вклучен клиентот и дополнителни податоци за корисниците коишто ги добиваат средствата на непрофитната организација.При анализата на непрофитните организации посебен акцент ќе има фактот дали непрофитната организација реализира готовински одливни трансакции, како и основаноста на истите, вкучувајќи ги и трансакциите на повлекување на готовина преку банкомати, како и трансакциите кои се реализирани во повеќе различни земји и дали истото е вообичаено за проектите согласно со кои е основана организацијата. Поради дополнителен ангажман за обезбедување на обемната документација и анализа на истата, со цел нивно засилено следење, надоместокот за анализа на документи и ажурирање ќе изнесува 5.000 денари.

II. Тарифата ќе се применува по истекот на два месеци од денот на известувањето на клиентите правни лица, односно од 20.05.2026 година.

III. Одлука да се објави на интернет страната на Банката, а за промена на тарифата потребно е да се известат клиентите и Народна банка на РСМ на начинот уреден во актите на Банката.

IV. Одлуката се доставува до сите дирекции, експозитури и архивата на Банката.

УО. број:0202/2-41/2026
17.03.2026 година

УПРАВЕН ОДБОР

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА СКОПЈЕ 8